РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА
ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР

Бр. 03-128/1
20.04.2011 година
С к о п ј е

Директорот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, врз основа на член 8 и 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2006, 86/08 и 6/2010), на 20.04.2011 година донесе

# ЛИСТА
## на информации од јавен карактер на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор

Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, согласно Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10) како имател на информации од јавен карактер поседува информации за:

1. Даватели на железнички услуги:

   - назив, седиште, број на судска регистрација/ЕМБ од Централен регистар на Република Македонија, ЕДБ за правни лица, име и адреса на правен застапник за правни лица;

   - датум на почеток, промена или престанок на обезбедување на железничките услуги;

   - во врска со издадените дозволи за вршење јавен железнички превоз, за видовите на железнички услуги за чие вршење е издадена дозволата и други податоци содржани во дозволата како и податоци за престанок на важење на дозволата;

   - исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за железничкиот систем.

2. Закони и подзаконски акти што ја регулираат областа на железничкиот сектор;

3. Спогодби и меморандуми за соработка што ги склучила Агенцијата и информации за меѓународна соработка;

4. Записници од спроведен надзор на пазарот на железничките услуги;

5. Новости;

6. Годишни, полугодишни и други извештаи на Агенцијата;

7. Стратешки документи, анализи и програми на Агенцијата;

8. Проекти;

9. Јавни набавки;

10. Статистички податоци;

11. Податоци, информации и публикации за кои Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор смета дека придонесуваат за отворен и конкурентен пазар.

**II. Службено лице**

За службено лице од Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор кое ќе посредува при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на Агенцијата се назначува вработениот/та:

Искра Стојанова, стручен соработник за правно-нормативни работи

Тел/факс: 3220 407

Email: istojanova@arpz.mk

**III. Ажурирање и објавување**

Во надлежност на Секторот за правни и општо-административни работи е да води грижа за редовно и навремено ажурирање на листата на информации од јавен карактер со кои располага Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, и истата согласно законот навремено да се објавува на веб страната на Агенцијата http://www.arpz.mk

Агенција за регулирање на
железничкиот сектор
Директор

Никола Димитровски